u3106

Сликарство

# Четврто меѓународно биенале на минијатурата

**Забележителен успех на учесниците од Македонија**

Во организација на Музејот на рудничко-таковскиот крај од Горни Милановац, во овој град од 21 септември од 21 ноември о.г. се одржува Четвртото биенале на минијатурата. Годинашново Биенале предизвикува големо интересирање ширум светот, што резултираше со исклучителен одзив на автори. На конкурсот се пријавија 1.240 излагачи (914 од СР Југославија, 326 од странство), со 2.335 дела. По селекцијата учествуваат 830 автори со 1.140 творби: од 589 домашни и 241 странски автори од 34 земји во светот, меѓу кои повеќемина и од Македонија. Стручното жири (за селекција и наградите), во состав: Срето Бошњак, претседател д-р Борис Петковски, заменик Милорад Вукановиќ Мишел, Ана Виѓен и Милан Милетиќ, членови, додели вкупно 22 награди. Гранд-приц, големата награда на Биеналето му припадна на Драган Мојовиќ, сликар од Белград. Меѓу добитниците на едната од осумте рамноправни први награди е и сликарот Славчо Соколовски, за делото „Клинови“ (во категорија на миџед медиа). А меѓу добитниците на по една од 22 рамноправни специјални втори награди, се вброија уште двајца македонски уметници: Виолета Чауле, за графиката под назив „Но 4“ (награда за НИП „Дечје новине“) и вајарот Станко Павлески, за делото „Архитектони ХМ. Не влегувај, гледам со рацете“ (специјална награда на жирито).

Општата оцена е дека годинашново Биенале: со уметничкото ниво на изложените дела; со смелоста и неконвенционалноста на истражувањата вградени во нив и исклучителниот одзив на авторите, се вбројува меѓу една од најголемите и најуспешни меѓународни ликовни манифестации во Европа. А во областа на минијатурата е втора во светот, по онаа во Торонто (Канада). Учеството на низа македонски уметници беше особено забележано: во „тесен“ натпревар за наградите беа уште неколкумина, токму со високиот личен придонес во оваа светска „минијатурна“ пластична панорама. Така: култивираната изведба: интелигенцијата во изборот и обработката на материјалите; промисленото освојување на денешните естетски и пластични стремежи, се одлики на делата на наградите, но и на другите наши уметници, изложени во Горни Милановац.

**Борис Петковски**